**Проценка на заканите врз габата Battarrea phalloides преку мониторинг на состојбата со популацијата**

Battarrea phalloides е многу редок вид габа во Европа, и се јавува поединечно или во мали групи од неколку примероци. Припаѓа на типот Basidiomycota, "група" Gasteromycetes, фамилија Tulostomataceae. Општо земено, видот се развива на суви песокливи места, и е познат од Америка, Африка, Австралија, Европа и Кина. Иако има широк ареал на распространување, се среќава само локално. Во Европа е многу редок вид. Познат е од мал број локалитети во Унгарија, Франција, Германија, Полска, Чешка, Шпанија и Велика Британија, каде е дел од Националните црвени листи или Natura 2000 хабитати. Видот е глобално загрозен поради што е вклучен во листата од 50 видови габи од Анекс 1 на Бернската конвенција. Видот е дел од Прелиминарната црвена листа на габи на РМ, категоризиран во групата „видови што егзистираат само на загрозени или ретки станишта" (Караделев 2000).

Во Македонија видот се среќава само на островот Голем Град, каде се развива во шума со дива фоја. Популацијата брои над 50 единки и е веројатно најголемата популација од овој вид во Европа. За биологијата на видот постојат само оскудни податоци, и со сигурност не се знае периодот на фруктификација, квалитативниот и квантитативниот состав на популацијата, како и еколошките фактори кои влијаат врз нејзиниот развој.

Целта на проектот е утврдување на заканите врз габата Battarrea phalloides на островот Голем Град, преку претходен мониторинг со што ќе се добие претстава за квалитетот на популацијата, бројот на примероци, како и периодот на фруктификација на плодните тела. Преку анализа на податоците се очекува да се добијат информации за проценка на изобилноста, варијабилноста, динамиката и заканите врз популацијата на овој редок вид.

| | **Главни активности** | **Конкретни очекувани резултати од овие активности** |
|---|---|---|
| 1 | GPS координати за секој поединечен примерок (плодно тело). | Проценка на изобилноста на видот (точкесто претставување на карта). |
| 2 | Утврдување на вкупниот број поединечни плодни тела и/или плодни тела во рамките на еден претпоставен мицелиум. | Добивање информации за бројноста на видот и/или примероци од плодни тела. |
| 3 | Утврдување на бројот на оштетени/откорнати плодни тела. | Проценка на веројатното антропогено влијание како најголема закана. |
| 4 | Фенологија на видот: следење на временската рамка на развој на плодните тела. | Текот на фруктификација на видот во зависност од климатските фактори. |
| 5 | Квалитативен состав на популацијата (лански/од оваа година). | Утврдување на годишниот прираст на биомаса на габата и споредба со состојбата од претходната година. |
| 6 | Мерење на температурата и влажноста на воздухот. | Следење на влијанието на еколошките фактори (абиотички) врз фруктификацијата на габата. |